20120842222

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО СИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на ден 18 јуни 2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ОД ОБЛАСТА НЕФРОЛОГИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат референтни цени по кои Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги надоместува здравствени услуги од специјалистичко консултативна здравствена заштита од областа нефрологија, кои се на товар на Фондот.

Член 2

Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги надоместува следните услуги од специјалистичко консултативна здравствена заштита од областа на нефрологија по следните цени:

Шифра	Назив на услуга	Референтна цена
ХДФ	Хемодијафилтрација	7.700
ХПА	Хемоперфузија	27.850
КПД	Континуирана амбулаторна перитонеална дијализа (КАПД)- месечно	82.350
АПД	Автоматизирана перитонеална дијализа (АПД) - месечно	98.950
КБТ	Континуирана заместителна бубрежна терапија	101.750
ПЛФ	Плазмофереза	22.030
ПВК	Поставување на привремен централен венски катетер како пристап за хемодијализа	5.600

Референтната цена ги опфаќа трошоците за услугата на здравствените работници – тимот кои ја извршуваат услугата (трудот), трошоците за тековно и инвестиционо одржување, општите трошоци на работењето (режиски трошоци), лекови и медицински потрошни материјали и други потребни материјали за извршување на услугата.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02 – 10428/18
18 јуни 2012 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска, с.р.